СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 817/2021
Дата.......................
15 -06- 2021

Врз основа на член 88 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42, став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Чучер Сандево, се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на згради и комплекси на воздушниот сообраќај (хангар за авиони) на КП бр.2907/1 во КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево.**

Површината на планскиот опфат согласно Предлог Планската програма зафаќа површина од 0,2 ha и навлегува во заштитната зона на аеродромот Стенковец.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. Y03821** се составен дел на Решението.

3. Условите за планирање на просторот за изградба на згради и комплекси на воздушниот сообраќај - хангар за авиони, во КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. Во непосредна близина на планскиот опфат се издадени Услови за планирање на просторот за изработка на Државна урбанистичко-планска документација за спортски аеродром Скопје-Стенковец во КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево и КО Шуто Оризари, Општина Шуто Оризари со тех. бр. Y24015.

5. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план на Република Македонија е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I – IV бонитетна класа за

неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

6. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изградба на згради и комплекси на воздушниот сообраќај - хангар за авиони, во КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животна средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

7. Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива, односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

8. При донесувањето Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена на просторот за предметната документација за изградба на згради и комплекси на воздушниот сообраќај - хангар за авиони, во КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Чучер Сандево, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. 32/20), со постапка бр. 34407 до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот **за изградба на згради и комплекси на воздушниот сообраќај (хангар за авиони) на КП бр.2907/1 во КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево.** Површината на планскиот опфат изнесува 0,2 ha, и навлегува во заштитната зона на аеродромот Стенковец.

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. бр. 32/20), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изградба на згради и комплекси на воздушниот сообраќај - хангар за авиони, во КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 817/2021 од 07.06.2021 година.

Условите за планирање на просторот се издаваат за изградба на згради и комплекси на воздушниот сообраќај - хангар за авиони, во КО Глуво Бразда,


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Општина Чучер Сандево, и претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од "Просторниот план на Република Македонија", претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општата управна постапка ("Сл. весник на РМ" бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение на **Услови за планирање на просторот за изградба на згради и комплекси на воздушниот сообраќај (хангар за авиони) на КП бр.2907/1 во КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево,** и одлучи како во диспозитивот.

**Упатство за правно средство**: Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
Nebi Rexhepi

Изготвил: Исмаил Шехаби

Одобрил: Соња Фурнаџиска


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk